**Записник**
**од Единаесетата седница на Генералното собрание**
**на GS1 Македонија**
одржана на 08.05.2017 година

Врз основа на член 10 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за GS1 стандарди GS1 Македонија, претседателот на Собранието на GS1 Македонија, г-дин Симон Наумоски, свика Единаесета седница на Генералното собрание на GS1 Македонија на 08.05.2017 година, со следниот

**Д н е в е н р е д**

1. Предлог-записник од Десетата седница на Генералното Собрание одржана на 11.05.2016 година;
2. Предлог-извештај за работа на GS1Македонија во 2016 год;
3. Предлог-ревизорски извештај по завршна сметка за 2016 год;
4. Компаративна анализа на финансиските резултати 2010- 2016 год;
5. Програма за работа за 2017 година;
6. Финансиски план за 2017 година;
7. Информација за тековните активности и новите проекти на GS1 Македонија за првото полугодие од 2017 година;
8. Одлуки на Управниот одбор за престанок на членство во GS1Македонија, по основ на: доброволно откажување; преотстапување на GS1 број; стечај и ликвидација и престанок на членство;
9. Р а з н о

Седницата ја отвори и ја водеше г-дин Никола Димовски, заменик претседател на Собранието на GS1 Македонија. Со работа започна во 11:00 часот.

На седницата присуствуваа 42 претставници на членките на GS1 Македонија. Согласно протоколот за присуство на седница на Генерално Собрание, сите присутни имаа претходно доставено до Генералниот извршен директор на GS1 Македонија писмена пријава за учество и предадено Полномошно за номинирано лице од фирмата за легитимно учество во работата и носењето на одлуки на Генералното Собрание.

Заменик претседателот Димовски констатира дека Генералното Собрание може полноправно да продолжи со работа со оглед дека постои поголем број од одредениот кворум од 21 член од вкупниот број членови на Собранието (согласно член 11 од Статутот на GS1 Македонија).

Г-дин Димовски предложи записничар да биде г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор на GS1 Македонија, а двајца оверувачи на Записникот да бидат: г-ѓа Ана Стојменска, директор на ИТ сектор во ЗЕГИН ДОО-Скопје и г-дин Љубомир Христов, директор на ИТ технологии во УЛТРАНЕТ ДОО-Скопје.

Предлозите за записничар и оверувачи едногласно се усвоија.
Предложениот Дневен ред едногласно се усвои.

**АД/1** Записникот од Десетата седница на Генералното Собрание на GS1 Македонија одржана на 11.05. 2016 год. се усвои едногласно без забелешки.

**АД/2** Предлог-извештајот за работа во 2016 год. го образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Активностите за непосредни контакти со членките се зголемени и нивно интензивно информирање за бенефитите од користењето на GS1 стандардите, со воедно пружање на дополнителни инструкции и стручни совети за правилна примена на баркодовите. Продолжено е со имплементација на проектите: Сертифицирана Акредитација, GEPIR, GS1 Каталог, MO Cluster Programme, редизајн на веб страницата, меѓународна и национална афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија и со публицистичката и едукативната дејност. Зголемено е користењето на web сајтот на GS1 Македонија од страна на членките и потенцијалните членки. За поттикнување на развојот и оптимализацијата на употребата на GS1 глобалните стандарди во деловното работење во производните и непроизводните сектори, организирани се низа едукативни семинари и интерактивни работилници со огромна посетеност. Во активностите кои ја одбележаа 2016 година, се истакнува семинарот за прв пат организиран во Р. Македонија на 25.10.2016 за новите технолохии и EPC/RFID стандардот во текстилната индустрија на тема „Со GS1стандардите до зголемена конкурентност на македонската текстилна индустрија“, со предавач г-дин Маркус Милер, директор во GS1 Global Office, Брисел; семинарот на тема следливост на 28.09.2016 насловен „GS1стандардите – алатка за техничка примена и автоматизација на процесот на следливост низ дистрибутивните синџири“. Во текот на 2016 година посебно внимание тимот на GS1 Македонија даде на интензивната и плодна соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство на Р. Македонија, со чии одговорни лица се одржани низа едукативни и интерактивни семинари и работилници низ сите градови во Републиката за навремено информирање на компаниите од прехрамбената индустрија за ЕУ регулативата 1169/2011, преточена во новиот Правилник за информации поврзани со храната, кои се содржани и во нашиот GS1 Каталог.

Посебен акцент е даден на континуираните директни посети на членките со интерактивна обука за пополнување на GS1 Каталогот, со цел создавање на единствен валиден регистар на македонските баркодирани производи во согласност со европските и македонските регулаторни барања за безбедност на храна.

Извршниот директор истакна дека прогресот е постигнат со зголемениот обем на работа, со новите услуги кои се даваат на членките, зголемениот број едукативни активности и превод на македонски јазик на стручните брошури кои се поставуваат на web сајтот.

Во дискусијата се искажаа пофалби за остварените резултати во 2016 година, особено на полето на тековната работа со членките, зголемената промоција на GS1 стандардите помеѓу бизнис заедницата, со посебен акцент на постигнатите резултати во промоцијата на GS1 Македонија на национално и меѓународно ниво и нејзиното препознавање како деловен партнер од доверба.

По дискусијата, Предлог-извештајот за работа во 2016 година, Собранието едногласно го усвои во текст еднаков со предложениот.

**АД/3** Предлог- ревизорскиот извештај по завршна сметка за 2016 година го образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Таа истакна дека е изработен од страна на независниот ревизор на фирмата за ревизија, проценка и финансиски консалтинг „Б и Љ, Боро и Љупчо“ ДОО –Скопје, а врз основа на

задолжителноста содржана во член 35 на Статутот на ГС1 Македонија за негово изготвување и доставување до Собранието на усвојување.

Заменик претседателот Димовски истакна дека финансиските извештаи објективно ја презентираат финасиската состојба на ГС1 Македонија и резултатот на финансиските активности во согласност со законските прописи во Република Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации и дека Управниот одбор го разгледал и утврдил ревизорскиот финансиски извештај и го доставува до Собранието на усвојување.

По дискусијата, едногласно се усвои Ревизорскиот извештај по завршна сметка за 2016 година.

**АД/4** Појаснување за изготвената компаративна анализа на финансиските резултати 2010-2016 година даде извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Таа го потенцираше фактот дека се евидентни континуираните позитивни трендови од осамостојувањето на ГС1 Македонија и во финансиските резултати. Имено, секоја година се подобрува наплатата на фактурите за годишна членарина во тековната година, од 54% во 2010 година на 92% во 2016 година. По тој основ се зголемува приливот на финансиски средства од година во година, па приходите се зголемени за 48,3% во 2016 година во споредба со 2010 година.

Анализата предизвика позитивни реакции кај сите присутни на седницата.

**АД/5** и **АД/6** Програмата за работа и Финансискиот план на ГС1 Македонија во 2017 година ги образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Членовите на Собранието во дискусијата искажаа позитивни мислења за предложените активности, а потпретседателот Никола Димовски потенцираше дека ГС1 Македонија е секогаш во врвот на актуелноста на темите кои ги поставува за реализација и дека се тоа топ теми на светско ниво, за што треба да се даде целосна поддршка во нивното спроведување.

Согласно член 10, став 6 од Статутот на ГС1 Македонија, Управниот одбор може помеѓу две седници на Собранието да донесува одлуки кои се однесуваат на работа и деловни активности, а се во надлежност на Собранието. Тоа се однесува на Програмата за работа и Финансискиот план, за да може во меѓувреме ГС1 Македонија полноправно да работи согласно донесената Програма и Финансискиот план за следната година, до одржување на седница на Генералното Собрание, кога се усвојуваат. Затоа, Управниот одбор на 18-та седница одржана на 7.12.2016, со која раководеше претседателот Симон Наумоски, расправаше по Предлог-програмата за работа и Предлог-финансискиот план во 2017, едногласно ги донесе и заклучи донесената Програма за работа за 2017 и Финансискиот план за 2017 година да се достават на усвојување на следната седница на Собранието на ГС1 Македонија, па затоа се на дневниот ред на оваа, 11-та седница на Генералното Собрание.

По дискусијата, членовите на Собранието едногласно, без забелешки ги усвоија Програмата за работа и Финансискиот план на ГС1 Македонија за 2017 година.

**АД/7** Информацијата за тековните активности и новите проекти на ГС1 Македонија во првото полугодие од 2017 година подетално ги објасни извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ, особено потенцирајќи го ангажманот за навремено информирање на сите учесници во Здравствениот сектор (преку семинари, работилници) од навременото прилагодување кон Европските директиви кои одат во насока на задолжителна серијализација во фармацевтската индустрија и користењето на бар кодот од новата генерација, те. GS1 DataMatrix.

Во своето излагање, извршниот директор ја потенцираше реализацијата на програмските задачи опфатени со Програмата за работа за 2017, како што се GS1 Каталог, GLN регистар на компании, GS1 SmartSearch, учество во IPA проекти, автоматизација на процесите при изработката на фактури и известување на членките за изготвените и неплатените фактури, со што се доби во зголемување на ефикасноста, продуктивноста, ефективноста, точноста во тековното работење во GS1 Македонија.

Заменик претседателот Димовски, како и сите присутни изразија пофалби за големиот ангажман на целиот тим на ГС1 Македонија и дадоа поддршка во насока на успешна реализација на сите понатамошни програмски активности.

**АД/8** По оваа точка од дневниот ред заменик претседателот Димовски појасни дека врз основа на чл. 14, согласно чл. 24, 25, 27 и 29 од Статутот на ГС1 Македонија, Управниот одбор одлучува за исклучување и бришење од евиденција на членките по сите основи. Донесените одлуки на 19 –та седница на Управниот одбор одржана на 08.05.2017 година, се доставуваат до Собранието за запознавање и потврдување.

По дискусијата, Собранието едногласно ги усвои сите одлуки за престанок на членство на 34 фирми по основ на доброволно откажување, преотстапување на ГС1 број, стечај и ликвидација и престанок на производството.

**АД/9** По оваа точка од дневниот ред немаше дискусија.

Седницата заврши со работа во 12:30 часот.

Записничар,

г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ ______________________

Оверувачи на Записникот:

1. г–ѓа Ана Стојменска ______________________

2. г–дин Љубомир Христов ______________________

Заменик претседател
на Собранието на GS1 Македонија,

Никола ДИМОВСКИ

Бр. 02-61/2
08.05.2017
Скопје